Република Северна Македонија
**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**
Ул.“Сандо Масев,, бр.1 2400 Струмица, Северна Македонија
Подцентрала: 348-030, факс: 320-544
www.strumica.gov.mk gradonacalnik@strumica.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 23-82/2
11.04. 2022 год.
СТРУМИЦА

**Правила за подготовка - аплицирање на предлог проекти од Здруженија на граѓани и Фондации од Општина Струмица за 2022 година во рамките на општинските стратешки определби и политики кои се однесуваат на приоритетните области: Локален економски развој и Туризам, Заштита на животната средина, Култура, Образование, Родова еднаквост и човекови права и Млади, заради искористување на планираните финансиски средства во Активноста бр 5 од G1 Поддршка на ЛЕР од Буџетот на Општина Струмица за 2022 година.**

Финансиските средства предвидени во Активноста бр 5 од Програмата G1- Поддршка на ЛЕР/Поддршка на проекти од граѓански организации за 2022 година, Од Буџетот на Општина Струмица за 2022 година ќе се доделуваат на Здруженија и Фондации од Општина Струмица за проекти во рамките на Стратегиските развојни документи на Општина Струмица од 2022/26 година, соодветни на приоритетните области и цели.

***Важна напомена која се однесува на задолжително почитување на правилата во процесот на подготовка на предлог проектот со кој Здруженијата на граѓани ќе аплицираат на јавниот повик за 2022 година***

## ***Правила за подготовка- аплицирање!***

### ***Правило бр. 1***

1.1. Предлог проектите мора да бидат целосно компатабилни со наведените приоритетни области и точно наведени под теми во јавниот повик како и точно опишани во насоките и упатствата составен дел на јавниот повик.
1.2. Не е дозволено никакво тематско отстапување на предлог проктите со кои се аплицира од наведените приоритетни области.
1.3. Предлог проектите со кои граѓанските организации аплицираат не смеат да се повторуваат со реализраните проекти од граѓанските организации во претходните години или да се слични на нив, освен во случај ако се работи за дополување или унапредување на некоја фаза од предходни проекти.
1.4. Доколку Комисијата за евалуација и оценка, процени дека има такво повторување или се предлог проекти слични на претходните со мали измени во активностите, Комисијата како именувано тело со Решение од Градоначалникот, таквите предлог проекти без отстапка ги елиминира од понатамошен процес на евалуација и за тоа не превзема одговорност во името на Општина Струмица.
1.5. Проектите мора да бидат иновативни, реално остварливи со индикатори за успех и потврдени резултати кои во иднина ќе гарантираат негова одржливост.
1.6. Сите организации кои имаат намера да се јават на Јавниот повик како апликанти во процесот на подготовка на нивните предлог проекти ќе мора задолжително да се придржуваат на

правилата и да ги следат насоките и истите да ги земаат најсериозно во предвид како во процесот на обезбедување на целата документација така и во процесот на креирање и развивање на нивнот предлог проект, особено да се водат согласно насоките и коментарите кои им се дадени како составен дел на секој од обрасците, во спротивно ќе бидат елиминирани и за тоа понатаму општината нема да превземе одговорност.

1.7. Сите организации кои подготвуваат предлог проекти задолжително мора во Буџетот на проектот да планираат сопствено учество од 10% од вкупната вредност на побараната општинска поддршка за проектот и тоа точно да го прикажат во Образецот за Буџет и тоа во буџетските линии (I или II или IV) и тоа во двата дела(шита) и за тоа да достават соодветен доказ во прилог на доставената документација. И тоа во никој случај не смее да биде пресметана вредност на веќе постоечки технички ресурс на органнизацијата-апликантот.

1.8. Сите грантисти кои ќе реализираат проекти задолжително ќе мора за секоја набавка со сума поголема од 15.000,00 денари да обезбедат понуди од најмногу три понудучи.

1.9. Носечките организации кои се јавуват на јавниот повик како апликанти доколку планираат партнерство со друга организација или институција, мора да обезбедат меѓусебни договори или меморандуми за соработка и истите во прилог да ги доставват.

## ***Правило бр. 2***

2.1 Реализацијата на предлог проектите мора да биде планирана во временска рамка од најмалку **6 месеци.**

2.2 Реализацијата на предлог проектите мора да започне не покасно од 15 дена по потпишувањето на договорот за финансиска поддршка со општината, а да завршат со последниот ден од времетраењето, односно со завршувањето на целиот циклус(поднесувањето на завршниот наративен и финансиски извештај за реализацијата) не покасно од 31.12.2022 година!

2.3 Дозволено е барање за евентуално продолжување на проектот единствено во случај на нови состојби како последица на Виша сила.

## ***Правило бр. 3***

3.1. Одобрените предлог проекти се финансираат од Буџетот на општина Струмица од планираните финансиски средства во Активноста бр 5-Поддршка на проекти-проектни иницијативи од Граѓански организации за 2022 година од Програмата Г1 - Поддршка на ЛЕР по претходно јавно објавено Решение од Градоначалникот за финансирање на проекти од Граѓански организации, објавено на општинската веб страница.

3.2. Највисокиот износ кој ќе се доделува за проекти е 250.000,00 денари и тоа на проекти со освоени максимални 100 бода.

3.3. Најнискиот износ кој ќе се доделува за проекти е 60.000,00 денари во согласност со освоените бодови како **пропорцинален сооднос со освоените бодови соодветен на побараната финансика поддршка од општината**.

## ***Правило бр. 4.***

4.1. Периодот за подготовка на предлог проектите и прибирање на истите по јавниот повик е 30 дена од денот на објавувањето на јавниот повик сметан и денот на објавувањето, без отстапки по завршувањето на последниот ден за пријавување наведен во јавниот повик и насоките и упатствата.

4.2. Заради транспарентност во постапката, општината објавува јавен повик за избор на лице од претставник на Граѓанските организации во својство на посматрач на работата на Комисијата

за евалуација и оценување во процесот на избор на организзации кои финансиски ќе бидат поддржани. Заради непристрасност лицата кои се пријавуваат на јавниот повик не смеат да бидат дел од ниту еден аплициран проект од ниту една организација која на јавниот повик се јавува како апликант.

4.3. Заради транспарентност во постапката, општината по објавувањето на јавниот повик, во рок од 5 дена организира инфо ден на кој со објава на општинската веб страница и преку локалните медиуми ги информира и повикува сите Граѓански организации регистрирани на територија на Општина Струмица за започнувањето на постапката и на него ги дава сите детални информации и насоки кои однапред се дадени и во насоките и упатствата, како и правилата како составен дел на објавениот јавен повик. Во таа насока на граѓанските организации дополнително ги информира и за целокупната документација и дадените задолжителни образци и нивно пополнување исто составен дел на самиот објавен јавен повик.

4.4. Заради можност за прашања и одговори по процедурата, општината остава простор уште 10 дена. Прашањата се поставуваат на маил адреса на одговорното контакт лице дадено во јавниот повик. Општината не одговара на телефонски јавувања.

4.5. Именуваната Комисија за евалуација и оценување именувана со Решение од Градоначалникот, евалуацијата и оценувањето ја врши во соглсност со критериумите за евалуација и оценување спрема прифатената и усвоена од страна на Советот на Општината, ЛОД Методологијата. Заради непристрасност и професионалност во постапката таа потпишува изјава. Комисијата не смее на апликантите и други лица да дава информации за процесот и постапката и критериумите.

***<u>Правило бр. 5</u>***

5.1. По објавувањето на Решението од Градоначалникот за распределба на финансиските средства по проекти во рамките на јавниот повик, општината во рок од 5 дена склучува поединечни договори со сите грантисти во кои се регулираат меѓусебните права и обврски на договрните страни.

5.2. Одобрените финасиски средства, општината по договор ги трансферира на носечката организација која се здобила со правото да користи општински буџетски средства на три рати(транши) до крајот на буџетската 2022 година, освен во случај на неисполнување на буџетот заради виша сила.

***<u>Правило бр. 6</u>***

6.1. Организациите кои се здобиле со право на користење финансиски средства од општината, единствено можат истите да ги користат единствено на начин прикажан и одобрен во буџетот за секоја буџетска линија –поединечна активност(ставка) и не смеат да вршат прелевање од ставка во ставка или буџетска линија и тоа на месечно ниво.

6.2 . Организациите кои се здобиле со право на користење финансиски средства од општината, реализацијата на активностите мора да ја вршат согласно прифатениот и одобрениот план на активности во прикажаната временска рамка без отстапки освен во случај на Виша сила.

6.3. Организациите кои се здобиле со право на користење финансиски средства од општината, се стекнуваат со право на секоја наредна транша по претходно доставен периодичен наративен и финасиски извештај. На крајот на реализацијата поднесуваат завршен комплетен наративен и финансиски извештај со цела комплетна документација за проектното и финансикото работење.

6.4. Општината доколку констатира од извештаите дека Организацијата која користи општински буџетски средства не постапувала соодветно на договорот и во таа насока работела погрешно

како во однос на проектното работење така и во однос на финансиското работење го задржува правото на повраќај на финансиските средства.

6.5. Општината целиот процес го следи и контролира преку работата на Комисијата за следење и го почитува нејзиниот став и мислење и постапува согласно истото.

6.6. Секоја организација која како грантист користи општински буџетски средства има обврска во сите свои печатени материјали и јавни настапи поврзани со проектот кој што е предмет на склучениот Договор, да наведе дека се реализира во партнерска соработка со Општина Струмица, односно на видливо место на печатените материјали или на објавите на веб страницата на организацијата, или на новите медиуми (ФБ) треба да стои логото на двете партнер организации.

Имплементирачката организација е должна да врши објава на главните клучни активности и во таа насока достигнување и резултати на општинската Веб страница.

***__Правило бр.7__***

7.1. Општината и грантистите согласно одредени состојби предизвикани од Виша сила, особено од евентуални нови несакни состојби предизвикани од КОВИД 19 се согласни по предходен договор да ги менуваат или ја прекинат реализацијата на проектните активности доколку се констатира дека истите не е возможно да се реализраат и во таа насока да го прекинат нивното финасирање.

***__Правило бр.8__***

8.1. Во однос на транспарентноста и отчетноста општината, јавниот повик го објавува на својата веб страница и во локалните медиуми.

8.2. Резултатите од евалуацијата и оценувањето ги објавува на општинската веб страница.

8.3. Редовно подготвува прилози и објави на својата веб страница и ФБ профил со секоја од реализациите и достигнувањата на поединечните прокти. Објавува.

8.4. По завршувањето на реализацијата на сите проекти од грантистите за 2022 година на својата веб страница објавува целосен извештај за достигнувањата и постигната промена.

8.5. Доколку се случат било какви неправилности или прекин на финансирањето на проектите на било кој од грантистите заради неправилности и не добро управување со проектниот и финанскиот циклус, општината без исклучок на својата веб страница јавно ќе ги објави истите и причините за тоа.

Градоначалник
на општина Струмица
Костадин Костадинов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА СТРУМИЦА